Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" Бр. 04-488/2 10. 04 2025 год. Охрид

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ( Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ( Службен Весник на Република Македонија бр. 11/2015 и 35/2018 ) ЈП Охридски Комуналец Охрид објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2025**
**За пополнување на работни места со унапредување**

**1. Раководител на одделение за општи и правни работи** со шифра **КДР 0102 Б04126** во Одделение за опши и правни работи , Сектор за општи,правни работи и човечки ресурси - **1( еден ) извршител.**

<u>**Општи услови**</u> - предвидени за работното место утврдени со Законот за админитративните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

<u>**Посебни услови**</u> - предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од област на Правни науки ;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски, германски ).
-

<u>**Потребни општи работни компетенции :**</u>

- - учење и развој
- - комуникација,
- - остварување резултати,
- - работење со други/тимска работа,
- - стратешка свест,
- - ориентираност кон странките/засегнати страни
- раководење
- - финансиско управување

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Актот за систематизација како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Дневно работно време од 07.00 до 15.00 часот.
Работни Денови: Понеделник до Петок.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.
Паричен износ на основна нето плата: 35.348,оо денари

**2. Виш соработник за пресметка на плати** со шифра **КДР 0102 В02075** во Одделение за сметководство, Сектор за финансии,сметководство и комерција **- 1 ( еден ) извршител.**

**Општи услови** - предвидени за работното место утврдени со Законот за админитративните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови** - предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и Актот за систематизација на работните места во ЈП Охридски Комуналец Охрид:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од област на Општествени науки- економија и бизнис ;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство за ниво В2 најмалку две години работно искуство во струката.
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски, германски ).
-

**Потребни општи работни компетенции :**

- - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- - учење и развој
- - комуникација,
- - остварување резултати,
- - работење со други/тимска работа,
- - стратешка свест,
- - ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- - финансиско управување

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Актот за систематизација како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и

да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Дневно работно време од 07.00 до 15.00 часот.
Работни Денови: Понеделник до Петок.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.
Паричен износ на основна нето плата: 29.286,оо денари

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 ( пет ) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на институцијата и на страната на Агенцијата за администрација.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈП Охридски Комуналец Охрид до Одделението за човечки ресурси на адреса ЈП Охридски Комуналец Охрид како и до службената електронска адреса: ohridkom@t.mk со назнака “ **ЗА ИНТЕРЕН ОГЛАС**“.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП Охридски Комуналец Охрид.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Изготвил: Одделение за човечки ресурси**

**ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ ОХРИД**
**Директор**
**Сашо Најдески**

**До**

**Одделение за управување со**
**човечки ресурси**

**ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ**
**Интерен оглас бр. 01/2025**

1. **Име и презиме ______________________________, вработен/а во ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ - Охрид.**
2. **Тековно работно место ______________________________ ______________________________ во Одделение ______________ ______________________________ Сектор ________________ ______________________________.**
3. **Звање и шифри ______________________________.**
4. **Број и датум на последното решение на тековното работно место ________ ______________________________.**
5. **Степен и вид на образование ______________________________ ______________________________.**
6. **Работно искуство ______________________________.**
7. **Оцена при последно оценување ______________________________.**
8. **Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас ( заокружи ) ДА НЕ**
9. **Работно место за кое аплицирате:**
   - **Назив и шифра ______________________________ ______________________________.**
10. **Дополнително ги доставувам и следните документи и докази:**
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________.

- Изјавувам дека под морална, материјална и кривична одговорност, податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.
- Кандидатот кој внел лажни податоци се диквалификува од натамошната постапка.

Подносител,
Административен службеник
Име и презиме

______________________________